РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-610/7
21.01 2026 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 44 седница одржана на 11.12.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Инженерство за заштита на животна средина", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС) , на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" Штип**

1.Се акредитира студиската програма „Инженерство за заштита на животна средина",прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" Штип, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024).

2.Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2026/2027 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и со академски назив: Дипломиран инженер по инженерство за заштита на животна средина/во меѓународен промет, академски, назив: Bachelor of Environmental Engineering.
Научно - истражувачко подрачје: 2 Инженерство и технологија; Научно – истражувачко поле: 2.07 Инженерство на животна средина, Научно – истражувачка област: 2.07.01 Инженерство на заштита на животна средина, 2.07.01.01 Инженерство на заштита на животна средина, 2.07.01.02 Инженерство на работна средина , 2.07.01.03 Контрола и управување на загадувањето на воздух, вода и почва , 2.07.01.04 Контроика на загадување од бучава и вибрации, 2.07.01.05 Контрола и управување на отпадни материјали, 2.07.01.05 Друго

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 20 студенти.

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 0201-543/43 од 09.07.2025 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Инженерство за заштита на животна средина", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" Штип, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.0809-585/3 од 12.08.2025 година (наш бр. 08 - 610/1 од 19.08.2025 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 35-та седницата одржана на 20.08.2025 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 – 610/6 од 12.12.2025 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024). Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 44-та седница одржана на 11.12.2025 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Марјан Ѓуровски